# Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на финансиските извештаи и детална содржина на годишниот извештај за работењето на друштвата за осигурување и/или реосигурување

## Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на финансиските извештаи и детална содржина на годишниот извештај за работењето на друштвата за осигурување и/или реосигурување („Службен весник на РМ“ бр. 5/2011, 41/2011, 64/2011 и 187/2013), во Прилог 3 – Упатство за пополнување на финансиските извештаи, во точката 2 – Извештај за сеопфатна добивка (Биланс на успех), потточката 2.2 Упатство за пополнување на поединечните позиции во Извештајот за сеопфатна добивка (Биланс на успех), текстот:

„Позицијата бр. 252 со назив V (1) - Трошоци за стекнување претставува збир од позициите бр. 253, 253а, 254 и 255. Се однесува на трошоците настанати како резултат на склучување на договори за осигурување, а вклучува директни трошоци за стекнување (провизија за застапници и брокери) и индиректни трошоци (трошоци за маркетинг, дел од трошоците за печатење обрасци, плати на вработените во внатрешната продажна мрежа и сл.)“ се менува и гласи:

„Позицијата бр. 252 со назив V (1) - Трошоци за стекнување претставува збир од позициите бр. 253, 253а, 254 и 255. Се однесува на оние трошоци кои варираат во однос на стекнувањето нови договори за осигурување и обновување на договори за осигурување, и/или се примарно поврзани со нив. Трошоци за стекнување се провизии и други трошоци (на пример, плати на одредени вработени вклучени во осигурувањето и функциите за издавање полиси, вклучувајќи трошоци направени за здравствен преглед и останати трошоци поврзани со снимање на ризик при превземање во осигурување) кои се примарно поврзани со договори за осигурување издадени или обновени во период во кој се направени трошоците, како и посредни трошоци за стекнување – за реклама и маркетинг во дел кој се однесува на подготвување на понуди за осигурување, склучување на нови полиси за осигурување и обнова на веќе склучени полиси за осигурување.

Други трошоци кои можат да варираат во константна врска со премиите (на пример, надомест за спроведување на супервизија на осигурување, надомест за финансирање на противпожарните единици, надомест за финансирање на услуги од задолжителното здравствено осигурување и други јавни давачки кои се утврдуваат на премијата), како и фиксните трошоци за реклама и маркетинг **не** влегуваат на оваа позиција.

Друштвото за осигурување треба да утврди и редовно да ажурира документирани процедури за трошоците. Во овој документ определувањето на трошоците за стекнување мора да се документира.

## Член 2

Во Правилникот за формата и содржината на финансиските извештаи и детална содржина на годишниот извештај за работењето на друштвата за осигурување и/или реосигурување („Службен весник на РМ“ бр. 5/2011, 41/2011, 64/2011 и 187/2013), во Прилог 3 – Упатство за пополнување на финансиските извештаи, во точката 1 – Извештај за финансиска состојба (Биланс на состојба), потточката 1.2 Упатство за пополнување на поединечните позиции во Извештајот за финансиска

состојба (Биланс на состојба) – Актива, текстот по реченицата: „На оваа позиција се искажува износ евидентиран на збирно конто 192.“, се дополнува со следниов текст:

„Одложените трошоци за стекнување почетно се признаваат на датумот на почетно признавање на трошоците за стекнување.

Трошоците за стекнување се капитализираат и се одбиваат од трошоците во однос на признаениот приход од премијата. За да се поврзат трошоците за стекнување со поврзаниот приход од премија, трошоците за стекнување се распределуваат по договори за осигурување, односно по класи на осигурување, кои се конзистентни со начинот на кој друштвото за осигурување ги признава приходите од полисираната премија, односно се конзистентни со начинот на мерење на профитабилноста по класи на осигурување. Трошоците за стекнување кои не се амортизирани се класифицираат како средства.

Профилот за амортизација варира со класификација на договорот.

**Член 3**

(1) Одредбите од овој правилник се однесуваат на договорите за осигурување кои покриваат ризици во класите на осигурување:

- неживотно осигурување, во смисла на одредбите од членот 5 точки од 1 до 18 од Законот за супервизија на осигурување; и

- дополнително осигурување кон осигурување на живот, во смисла на одредбите од членот 6 став (2) од Законот за супервизија на осигурување.

(2) Друштвата за осигурување, кои до денот на влегување во сила на овој правилник, ги пресметувале и признавале трошоците за стекнување, одложените трошоци за стекнување и промената на одложените трошоци за стекнување на начин различен од одредбите од овој правилник, се должни да ги усогласат деловните сметководствени политики со одредбите од овој правилник најдоцна до 30.6.2016 година.

(3) За целите на изготвување на финансиски извештаи, и утврдување на финансискиот резултат за периодот 1.1.2016 - 30.6.2016 друштвата за осигурување се должни да го применат ретроспективно променетиот начин на пресметка на одложените трошоци на стекнување со состојба најмалку на 1.1.2016 година, и за тоа да ја известат Агенцијата за супервизија на осигурување најдоцна до 31.7.2016 година. Кон известувањето, друштвата за осигурување треба да приложат соодветни документи за настанатите промени во начинот на пресметка на одложените трошоци за стекнување, како резултат на усогласување со одредбите од овој правилник.

(4) Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија” а ќе започне да се применува при изготвување на кварталните финансиски извештаи за периодот кој завршува на 30.6.2016 година.